на училиштето.

Поимот корупција, во смисла на законските одредби, ги опфаќа и поимите на:

- пасивна корупција - намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и
- активна корупција - намерно делување на било кое лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

*Судир на интереси* подразбира состојба во која службено лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасно вршење на неговите овластувања и должности.

*Корист* претставува остварување на секој вид материјална или нематеријална придобивка , погодност или предност за себе или за друг.

**СТРАТЕШКИ АКТИВНОСТИ**

Во Годишниот план за спречување на корупција СОУ „Таки Даскало“ - Битола за 2021 година се предвидуваат следните стратешки активности:

- ***лидерство*** - прифаќањето на силна лидерска улога за одржување на високо ниво на интегритет на сите аспекти на работењето на СОУ „Таки Даскало“ - Битола претставува обврска на менаџментот на училиштето. Одговорноста за успешното спречување на корупцијата и судирот на интереси ја има највисокото раководство на Училиштето;
- ***владеење на правото -*** одговорност на сите вработени во СОУ „Таки Даскало“ - Битола да постапуваат согласно Уставот, законите, подзаконските прописи и сите акти на Училиштето;
- ***јавност и транспарентност во работењето*** - СОУ „Таки Даскало“ - Битола ќе работи транспарентно, отчетно и одговорно и со целосна афирмација на принципите на стручност, компетентност и професионалност во извршувањето на работите и задачите. Дополнително, преку целосна примена на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и преку својата интернет страница СОУ „Таки Даскало“ - Битола ќе се стреми кон обезбедување на највисоко ниво на транспарентност во своето работење со цел зголемување на довербата на корисниците на услуги;
- ***етичко однесување на вработените во*** СОУ „Таки Даскало“ - Битола - Училиштето максимално и посветено ќе се стреми кон унапредување на личниот и професионалниот интегритет на секој вработен во него. Раководните лица на сите нивоа ќе вршат надзор над однесувањето на сите вработени и ќе